Врз основа на член 36, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), член 5 од Законот за даноци и имот („Службен весник на РМ“ бр. 61/04/,92/07, 102/08, 35/11, 53/11, 84/12, 188/13, 154/15 , 192/15, 23/16) и Методологијата за процена на пазарна вредност на недвижен имот („Службен весник на РМ“ бр. 54/12, 17/13 и 21/13), а во врска со Одлуката за определување ориентациона пазарна вредност на земјоделско замјиште за катастарски општини во општина Кратово Бр.07-828/1 од 28.05.2010 год. и согласно член 15 и 20 од Статутот на општина Кратово (,,Службен Гласник на општина Кратово,, бр:6/06) Советот на Општина Кратово на седницата, одржана на 29.06.2018 година, донесе

# О Д Л У К А

## за определување ориентациона пазарна вредност на градежно изградено, неизградено и земјоделско земјиште за катастарски општини во општина Кратово

СОВЕТ НА ОПШТИНА КРАТОВО
Бр. 09 - 1097/1
29.06. 2018 год.
К Р А Т О В О

### Член 1

Со оваа Одлука се определува ориентациона пазарна вредност на земјоделско земјиште за следните катастарски општини: Кратово, Железница, Туралево, Живалево, Сакулица, Вакаф, Филиповци, Коњух, Шопско Рудари, Димонце, Татомир, Пендаќ, Куклица, Крилатица, Трновац, Талашманци, Кетеново, Страцин, Приковци, Тополовиќ и Шлегово. Исто така со оваа Одлука се утврдуваат начинот на пресметување на пазарната вредност на градежно изградено, неизградено земјиште за градот Кратово по зони.

### Член 2

Ориентационата пазарна вредност на земјоделското земјиште по класи изнесува:

1) Ниви, овоштарници, градини, лозја и шуми од 10 до 60 ден/м2,
   а) 1 класа 60 ден/м2,
   б) 2 класа 40 ден/м2,
   в) 3 класа 30 ден/м2,
   г) 4 класа 20 ден/м2 и
   д) 5 класа и останати класи 10 ден/м2,
2) Ливади, пасишта од 10 до 20 ден/м2,
   а) 1 класа 20 ден/м2,
   б) 2 класа 15 ден/м2, и
   в) 3 класа и останати класи 10 ден/м2.

### Член 3

Се определува ориентационата вредност на земјоделско земјиште за втора група катастарски општини од ридско-планинскиот регион, и тоа: Горно Кратово, Нежилово, Мушково, Луково, Куново, Којково, Кнежево, Каврак, Емирица и Близанци.

1. Ниви, овошни градини, лозја и шуми од 10-40 ден/м2,

   а) 2 класа 40 ден/м2,

   б) 3 класа 30 ден м/2,

   в) 4 класа 20 ден/м2,и

   г) 5 и останати класи 10 ден/м2.

2. Ливади и пасишта од 5-20 ден/м2,

   а) прва класа 20 ден/м2,

   б ) втора класа 15 ден/м2,

   в) трета класа 10 ден/м2,

   г) останати класи 5 ден/м2.

При утврдување на пазарната вредност на земјишта се утврдува вредност и тоа на:

а) земјоделски,

б) градежно (изградено и неизградено),

в) шуми, и

г) пасишта.

### Член 4

При утврдувањето на вредноста на градежното земјиште се зема предвид местоположбата на земјиштето (микро и макро локација), а за земјоделско земјиште, видот на земјоделското земјиште, земјоделска култура и класа, стрмнина, длабочина, ерозија, користење на машинерија, услови за наводнување и други услови кои влијаат за одредување на цената по м2.

**Член 5**

Се определува пазарната вредност на градежно изградено, неизградено земјиште и двор и тоа:

- I -ва зона во градот која го опфаќа централното градско подрачје со објектите (недвижен имот) на Плоштадот ,,Маршал Тито,,, ул: Планинска, до пропустот на стоковната куќа ,,Силекс,, ул: Гоце Делчев до укрстувањето со новиот мост, ул:Св.Ѓорѓи Кратовски (поранешна Ѓуро Салај) и ул: Јософ Даскалов до Радин мост, се пресметува по:

19 бода/ м² ,

-II - ра зона ги опфаќа сите останати ненаведени улици во градот, се пресметува по:

9 бода/ м² , и

-селата по 60,00 денари по м².

Вредноста на пресметковен бод изнесува едно евро во противденарска вредност.

**Член 6**

Со донесувањето на оваа Одлука престанува да важи Одлуката бр: 07-828/1 од 28.05.2010 година.

**Член 7**

Одлуката влегува во сила од денот на објавувањето во ,,Службен гласник`на општина Кратово,,.

Бр.09 - 1097/1
29.06.2018 година
Кратово

**Претседател**
**на Советот на општина Кратово**
**Ранко Арсов**